# З А П И С Н И К

Од четириесет и трета седница на Советот на општина Брвеница, одржана на 21.02.2025 година, (петок) со почеток во 14.00 часот во просториите на општина Брвеница

**Присутни: 14** советници.

**Отсатни; Адем Јетмир Јашари**

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот Бујамин Рушити, кој констатира дека од бројот на присутните советници има кворум за полноважно одлучување и кажа дека 9 и 10 точка се симнуваат од дневниот ред и се префрлаат за наредна седница.

Претседателот на Советот кажа, како и секогаш пред да го прочитам дневниот ред следат советничките прашања дали некој има нешто да праша.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот дневниот ред го стави на гласање без двете симнати точки и истиот едногласно се усвои од присутните советници
За работа на седницата се предложи следниот

## Дневен ред

1.Разгледување и усвојување на записникот од четириесетивтората седница на Советот на општина Брвеница.
2.Разгледување и усвојување на Извештајот од Комисијата за финансии и Буџет по однос Завршната сметка на Буџетот на општина Брвеница.
3.Разгледување и усвојување на Завршната сметка на Буџетот на општина Брвеница за 2024.
4.Разгледување и усвојување на Извештајот по однос Завршната сметка на ОУ ,,Коста Рацин,, с.Брвеница.
5. Разгледување и усвојување на Извештајот по однос Завршната сметка на ОУ ,,7 Марси,, с.Челопек.
6.Разгледување и усвојување на Извештајот по однос Завршната сметка на ОУ ,,Гоце Делчев,, с.Стенче.
7.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Брвеница за 2025 година.
8. Предлог-Програма за изведување ученички екскурзија, во учебната 2024-2025 година од ООУ ,,Коста Рацин,, с.Брвеница о.Брвеница.

9.Предлог-Програма за реализација на екскурзии, излети, научно-наставни посети како и други вон-наставни активности со учениците од основните училишта – ООУ „7Марси„ с.Челопек.
10.Предлог-Програма за изведување на еднодневна наставно-научна екскурзија со учениците од 3,6 и завршното 9-то одделение, од ООУ „Гоце Делчев„ с.Стенче о.Брвеница.
11. Предлог-Одлука со која се дава согласност на Одлуката со која се донесува Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ Брвеница за 2025 година.
12. Разгледување и усвојување на Годишната сметка за 2024 година на ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ с.Брвеница.
13.Предлог-Одлука за именување на претставник од родителите на децата во Управен Одбор на ЈОУДГ „Сонце-Диели„ општина Брвеница.
14.Предлог- Одлука со која се дава согласност на Годишниот План за вработување за ОЈП ВАРДАР Брвеница за 2025 година.
15.Доделување на финансиски средства како финансиска помош за подршка на сите спортски и културно уметнички друштва на територијата на општина Брвеница.

**I**

По однос на првата точка од дневниот ред „Разгледување и усвојување на записникот од четириесетивтората седница на Советот на општина Брвеница„ , Претседателот на Советот ја прочита истата и праша дали има забелешки на записникот.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот точката **„**Записникот од четириесет и втора седница на Советот на општина Брвеница„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните советници.

**II**

По однос втората точка на дневен ред, „Разгледување и усвојување на Извештајот од Комисијата за финансии и Буџет по однос Завршната сметка на Буџетот на општина Брвеница.

Претседателот на Советот збор му даде на Председателот на Комисијата за финансии.

Председателот на Комисијата за финансии зеде збор и кажа, точката помина на комисија каде што ни беше образложено по однос на истата, предлагаме и Вие да ја поминете.

Председателот на Советот збор му даде на соодветниот од општината да ја образложи точката.

Соодветниот од општината зеде збор и кажа, како и секоја година треба да ја завршиме предходната година. Сега одиме со основниот буџет на општината 126.222.469 планирано, реализација имаме 98.538.771 денар или во проценти 78.07 %. Горе вметнато ни е салдото од 2023 година бидејќи и во буџетот тоа салдо ни е внесено. Кај даночни приходи од планирани 43.812.500, реализација имаме 33.279.194 или во проценти 33.77% од приливите. Сега одиме кај неданочните приходи од планираните 525.000 имаме повеќе реализиција 1.443.863 или од вкупното имаме 1.47% како приходи. Капиталните приходи од планирани 31.050.034 имаме реализирано 12.140.779 или во проценти 12.32% од вкупните приходи. Трансфери и донации беа планирани 50.834.935 реализација имаме 51.674.935 или во проценти 52.44%.

Кај дотациите од од вкупните 135.467.665 имаме целосна реализација од сумата. Од самофинансирачките активности од вкупните планирани 1.448.000 имаме реализирано 1.084.000 или во проценти 74,88%. Донации од 510.000 илјади имаме реализација 440.000 или во проценти 86,35 % и како кумулативен Буџет 263.648.000 реализација имаме 235.531.000 или во проценти 89,34%. Ова е на кратко за приходите на сите во кумулативниот Буџет.

Сега одиме кај расходите во основниот Буџет од вкупните 126.222.469 имаме реализација 95.497.793 тука има разлика од приходите со средствата пренесените со реализираните расходи или 3.040.000 што ќе бидат пренесени во Буџетот во 2025 година.
Од реализираните 95.497.793 од тие за плати и надоместоци планирани 28.774.002 реализација имаме 25.952.964 за плати или во проценти 28,17%. Резерви и недефинирани расходи тука имаме планирани 700.000 немаме никаква реализација. Кај стоки и услуги од вкупно планираните 34.037.619 реализирано имаме 22.584.464 а тоа во проценти е 23.65%. Каматни плаќања од 1.010.00 тоа е за кредитот што го имаме за Светска банка, реализирано ни е 1.009.584 или 1.06% од вкупните реализирани расходи. Трансфери и субвенции имаме планирани 16.285.00 а реализирани имаме 14.231.322 во проценти 14,9% само да додадам тука дека 12 милиони се префрлени средства кај ОЈП Вардар.

Кај социјалните бенефиции од 300.000 планирани, реализирано имаме 135.241 или 0,14% тука спаѓаат тоа што даваме по 2000 за новороденчиња и ако имаме некое барање за еднократна парична помош. Капиталните расходи од 41.794.848 планирани, вкупна реализација имаме 28.263.910 што значи 29,60%. Тука е уште отплата на главница 3.321.000 реализирани 3.320.308 или 3,48%. Ова е на кратко за расходите во проценти за вкупната намена што се направени за сите посебно.
Кај дотациите скоро сите ни одат за платите од 135.467.665 реализацијата ни е 135.373.654 или 99.93% од кои за плати планирани 131.404.176, за плати се реализирани 131.351.929 во проценти 97,03%. Стоки и услуги од 4.063.490 планирани, вкупна реализација имаме од 4.021.725 што значи 2,97%. Самофинансирачките активности знате дека повеќе го прават градинката и сега училиштето Коста Рацин имаше нешто, другото оди се за градинката. Од планираните 1.448.000 имаме реализирано 606.107 или во проценти 41,85%, тие се сите во стоки и услуги. Кај донации тука ни е проектот со УНДП што го имаме, планирани 510.000 а реализација 440.405,00 или 86,35%. Или како кумулативен Буџет со сите што ги споменав од 263.648.00 реализација имаме 231.917.000 или 87,96%. Ова е за сите кога се работи за расходите и приходите. Повеќе можам да кажам за училиштата и за градинката бидејќи ги имам и тие податоци па потоа може да поминеме на материјалот што вие посебно го имате како материјал и на шестцифрено подетално. Кај училиштата платите фаќаат 97,68% а стоки и услуги 2,29% и како некористени средства им останало 43.097 или 0,03% од блок дотациите. Кај градинката од 7.833.665 реализација имаме за платите 6.680.00 или 85,28%, стоки и услуги имаме 1.101.00 или 14,07%, и неискористени средства 50.914 илјади или 0,65%.

Во групата на капитални расходи спаѓаат инвестициите за изградба и одржување на патиштата и улиците, тука се улицата Брака Стефановиќ во износ од 2.094.771,00 денари, улицата Циле Маало во с.Челопек во износ од 7.055.314,00 денари, редење и поставување на бехатонски плочки низ општината во износ од 2.814.967,00 денари. Потоа изградба на улица Долни Челопек во износ од 1.255.120,00, уплата за бекатонски цегки и шахти и ребрасти цевки за фекална канализација во износ од 1.686.105,00, уплата за песок тампон за потребите на општината во износ од 2.273.053,00, уплата за за набавка и транспорт на бекатонски плочки за потребите на општината во износ од 3.900.306,00,00 денари, уплата за изготвување на проекти за општината и за надзор во износ од 474.191,00 денари.

Изградба на улица во с.Радиовце во износ од 999.967,00 денари, уплата за инсталирање на електрична мрежа во ОУ Коста Рацин во износ од 1.087.958,00 денари и уплата за браварски работи кај стадионот во с.Брвеница и за клупи и за во паркови низ цела општина во износ од 627.996,00, уплата за изградба на зид кај стадионот во с.Милетино во износ од 339.469,00 денари. Купување канцелариски мебел на ставката 483 во износ од 127.950,00, потоа на 486 ратата за автомобилот што ни е купена со лизинг во износ од 261.738,00 денари. Во ставката 491 се ратите за кредитите во износ од 3.320.308,00 денари. Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот точката **„**Извештајот од Комисијата за финансии и Буџет по однос Завршната сметка на Буџетот на општина Брвеница„ ја стави на гласање и истата беше еднogласно прифатена од присутните советници.

**III**

По однос третата точка на дневен ред, „Разгледување и усвојување на Завршната сметка на Буџетот на општина Брвеница за 2024„ , Претседателот на Советот збор му даде на Председателот на Комисијата за финансии.

Председателот на Комисијата за финансии зеде збор и кажа, точката помина на комисија каде што ни беше образложено по однос на истата.

Председателот на Советот пред да отвори расправа кажа, бидејќи претходно беше образложено од страна на соодветниот од општината, отварам расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Завршната сметка на Буџетот на општина Брвеница за 2024„ ја стави на гласање и за истата беше едногласно прифатена од присутните советници

## IV

По однос четвртата точка од дневниот ред „Разгледување и усвојување на Извештајот по однос Завршната сметка на ОУ ,,Коста Рацин,, с.Брвеница,, , Претседателот на Советот збор му даде на Председателот на комисијата за финансии.

Председателот на комисијата зеде збор и кажа, точката ни беше образложена на комисија и истата е помината.

Председателот на Советот кажа, соодветниот во кратки црти ни ја образложи и оваа точка на нас останува да прашаме ако нешто не ни е јасно.

Председателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката ,, Усвојување на Извештајот по однос Завршната сметка на ОУ ,,Коста Рацин,, с.Брвеница,, ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните советници

## V

По однос на петтата точка од дневниот ред Разгледување и усвојување на Извештајот по однос Завршната сметка на ОУ „7 Марси,, с.Челопек,, Претседателот на Советот збор му даде на Претседателот на Комисијата за финансии.

Претседателот на Комисијата за финансии зеде збор и кажа, точката помина на комисија каде што ни беше образложено по однос на истата од страна на соодветниот од општината.

Претседателот на Советот кажа, како и во претходните точки и за оваа ни беше образложено од страна на соодветниот од општината, на нас останува само да гласаме.

Председателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката ,,Извештај по однос Завршната сметка на ОУ „7 Марси,, с.Челопек.,, ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на пристутните советници.

## VI

По однос на шесттата точка од дневниот ред „Разгледување и усвојување на Извештајот по однос Завршната сметка на ОУ „Гоце Делчев„ с.Стенче
Претседателот на Советот збор му даде на Председателот на Комисијата за финансии.
Председателот на Комисијата за финансии зеде збор и кажа, и оваа точка исто така ни беше образложена од страна на соодветниот од општината и истата ни помина на комисија.
Претседателот на Советот зеде збор и кажа, како и другите претходни точки и оваа беше образложена од страна на соодветниот од општината.
Председателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Извештајот по однос Завршната сметка на ОУ „Гоце Делчев„ с.Стенче„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните советници.

## VII

По однос на седмата точка од дневниот ред „Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Брвеница за 2025 година„ .
Председателот на Советот збор му даде на Председателот на комисијата за финансии.
Председателот на комисијата за финансии кажа, и оваа точка ја поминавме на комисијата, точката ни беше елаборирана од стана на соодветниот од општината.
Председателот на Советот збор му даде на соодветниот од општината.
Соодветниот од општината зеде збор и кажа, тука вршиме корекција на одлуката за извршување што ја усвоивме за оваа година при крај на минатата година, со писмо од министерство за финансии за да извршиме корекции на тоа, меѓутоа имам едно барање да ставиме и еден член, бидејќи префрламе средства на ОЈП, така што оваа одлука ќе ја надополниме со уште еден член за да бидеме покриени бидејќи секоја година ни доаѓа нов Буџет. Затоа ќе гласи еден член за префрлување на средства за потребите на ОЈП од страна на општината.
Председателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Брвеница за 2025 година„ , ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните советници.

## VIII

По однос на осмата точка од дневниот ред „Предлог-Програма за изведување ученички екскурзија, во учебната 2024-2025 година од ООУ „Коста Рацин„ с.Брвеница о.Брвеница.

Председателот на Советот збор му даде на Председателот на Комисијата за општествени дејности.

Председателот на Комисијата за општествени дејности кажа, едногласно беше прифатена од страна на комисијата.

Председателот на Советот кажа овие програми се како и секоја година, од нас се бара само да се изгласа а на училиштата им останува да ги спроведуваат.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката - Програма за изведување ученички екскурзија, во учебната 2024-2025 година од ООУ „Коста Рацин„ с.Брвеница о.Брвеница., ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните советници.

## IX

По однос на деветтата точка од дневниот ред „Предлог-Одлука со која се дава согласност на Одлуката со која се донесува Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ Брвеница за 2025 година„ Председателот на Советот збор и даде на Директорката на градинката.

Директорката на градинката зеде збор и кажа, сакаме да направиме дополнување на систематизацијата, имаме потреба од уште еден психолог за работно место. На Управниот одбор ни помина сега уште на Советот на општина да ни помине. Значи се работи за зголемување на систематизацијата за вработување. По старата систематизација имаме едно работно место, сега имаме потреба за уште еден психолог поради проширување на градинката и отварање на најавена нова градинка во Челопек.

Председателот на Советот зеде збор и кажа, имам едно прашање дали имате дефектолог или само еден психолог. Колку што знам јас општината има поднесено до надлежното министерство

Директорката зеде збор и кажа, дефектолог немаме, имаме еден психолог кај што ги работи и другите работи покрај својата. Бидејќи ќе се зголеми бројот на децата треба да имаме две стручни лица затоа што таа сега што ни е ќе оди на породилно.

Председателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Емин Медии и кажа, другите градинки што имаат по 150 деца имаат по 1 стручен работник, сега од кај потребата за уште еден. Имаме сознанија од министертсвото за социјална политика дека имате солгасности а истите не се спроведени.

Директорката повторно се јави за збор и кажа, ние имаме согласност за една воспитувачка и две негователки, ние во 2024 имаме пратено табели и за унапредување сега останува да чекаме. Сеуште немаме никаков одговор добиено ни позитивен ни негативен. Имавме и инспекција и сите документи од МТСП ни се кај нив.

Збор зеде и Абеб Нухии и кажа, кај нас се бара одобрување од Советот, дали треба да се направи и барање и до министерството за финансии за доделување на средствата.

Директорката се надоврза и кажа, ако се одобри од МТСП и министерство за јавна администрација проширување на систематизацијата па тогаш ќе видиме како ќе се одвиваат работите. Ако од овие две институции не добиеме согласност нема никој да се вработи, или може да се добие согласност па да не се вработи никој, ќе видиме како ќе биде.

Председателот на Советот зеде збор и кажа, бидејќи ние како совет баравме со подршка на градоначалникот да се направи уште една градинка во с.Челопек бидејќи во с.Брвеница навистина има потреба од проширување исто така има и за Челопек. Ќе има потреба и за друг персонал ако дојде да се реализираат овие два проекти. Бидејќи управниот одбор го оправдува ваквото барање, тогаш нас ни останува да гласаме.

Исто така за збор се јави и Злате Китаноски и кажа, се спомнува градинката во Челопек, сакам прво да прашам дали градинката ќе биде подружница на СОНЦЕ-ДИЕЛИ или нов субјект.

Директорката повторно зеде збор и кажа, ќе биде дел од оваа градинка, значи ќе биде дел од СОНЦЕ-ДИЕЛИ.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука со која се дава согласност на Одлуката со која се донесува Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ Брвеница за 2025 година„ ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на 12 советници и 2 беа воздржани.

## X

По однос на десеттата точка од дневниот ред „Разгледување и усвојување на Годишната сметка за 2024 година на ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ с.Брвеница.

Председателот на Советот кажа, и за оваа точка соодветниот на финансии од општината образложи претходно.

Председателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Годишна сметка за 2024 година на ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ с.Брвеница„ , ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните советници.

**XI**

По однос на единаесеттата точка од дневниот ред ,,Предлог-Одлука за именување на претставник од родителите на децата во Управен Одбор на ЈОУДГ ,,Сонце-Диели,, општина Брвеница.

Председателот на Советот збор и даде на Директорката да ја образложи точката.

Директорката зеде збор и кажа, на предходниот член му помина мандатот сега треба да се назначи нов член од редот на Советот на родители, тоа треба да биде лице чие дете оди во градинката. Имавме повеќе предлози но Сања Радеска се нафати да биде новиот член на управниот одбор.

Председателот на Советот отвори расправа.

Збор зеде Абеб Нухии и кажа, мислам дека оваа точка нетреба да биде кај нас, мислам дека за тоа одлучува Управниот одбор и Советот на родителите, ние нема што да даваме мислење за член на градинката. Вие сами тоа го бирате на состанокот со управниот одбор.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката ,,Одлука за именување на претставник од родителите на децата во Управен Одбор на ЈОУДГ ,,Сонце-Диели,, општина Брвеница,, , ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните советници.

**XII**

По однос на дванаесеттата точка од дневниот ред ,,Предлог- Одлука со која се дава согласност на Годишниот План за вработување за ОЈП ВАРДАР Брвеница за 2025 година Брвеница за 2025 година.,,

Председателот на Советот збор му даде на Директорот на ОЈП ВАРДАР Брвеница да ја образложи точката.

Директорот на ОЈП ВАРДАР зеде збор и кажа, поради подолг временски период на ангажирани лица за вработување преку приватна агенција за привремени вработувања од 3 години и повеќе, и проширување на План Програмата за работа имаме потреба од работници. Како што напоменав овие се вработени веќе, е сега имаме потреба да ги вработиме со решение веќе вработените затекнати лица, а такви се 18 лица кои веќе ја работата оваа работа. Барам од вас како основач на ова претпријатие да ни одобрите да ги вработиме овие лица, а имаме потреба и од повеќе. Како што и самите гледате дека сега е офанзива од градење од канализации копање и слично. Мислам ако постапиме по ова нема да направиме никаква грешка, ние гледаме да ги задржиме како работници а не пак да бркаме.

Председателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Абеб Нухии и кажа, имајќи во предвид барањето од претпријатието за овие вработени, гледам дека се работи за 14 физикални работници, 2 водомери и 2 со тешка механизација. Ние како Совет треба да дадеме позитивно мислење, поголемата одговорност е кај директорот на претпријатието.Потоа следи мислењето од надлежното министерство за нивно финансирање. Знаеме дека овие работници работаат одамна тука, мое е да кажам да не се излезе од рамките на барањето, туку да биде наменето баш за тие веќе затекнати работници. Јас имамо позитивно мислење за ова и ќе го подржам.

Збор зеде и Емин Мехдии и кажа, никој нема против за овие вработувањата и се надевам дека е наменето за истите, колку е законски незнам, за нас не е проблем но во законот стои дека планот за вработувања треба да се донесе до 1-Септември во тековната за наредната година. Ако се работи за истите требаше да знаете претходно за овој рок. Ако го помине министерство за финансии ние немаме ништо против, и уште толку да се вработат немаме против.

Директорот зеде збор и кажа, стојам зад тоа дека се работите за истите луѓе и одговорноста е моја. Точно дека го немаме запазено рокот за годишниот план за вработување, вие и самите знаете како стојат работите.

Председателот на Советот зеде збор и кажа, законот го имам пред себе член 5 став 2 каде што пишува дека може да се планира вработување во рамките на можностите. Со сигурност сега имале потреба затоа сега е донесено. Ова е наш предлог, покрај ова треба да оди и во министерство за финансии каде што треба да дадат дозвола за вработување. Ако е во законска база ние немаме никаква должност пред законот. Покрај ова општината нема да има никакво оштетување, како барање би било добро да се прифати.

Збор зеде и Злате Китаноски и кажа, ние не сме правници и правно не го разбираме, доколку ова е правно издржано не сме против го подржуваме, но доколку не е правно ние не превземаме никаква одговорност. Вработувањето е неспорно ние како Совет сме сложни и го подржуваме, ние секако сме барале овие луѓе да бидат вработени, нас ни е дилема само околу правниот дел.

Повторно за збор се јави и директорот на претпријатието и кажа, потполно се согласувам со вас, овие луѓе треба да бидат згрижени, незнам како би нашле уште вработени ако овие не ги примиме, а верувајте дека ни требаат уште. За во иднина треба рокот да се запази тоа ќе го имаме на ум.

Председателот на Советот се надоврза и кажа, не се работи за нови вработувања туку давање на решение на веќе затекнатите вработени.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука со која се дава согласност на Годишниот План за вработување за ОЈП ВАРДАР Брвеница за 2025 година Брвеница за 2025 година„ , ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на 11 присутни советници и 4 имаше воздржани.

**XIII**

По однос на тринаесеттата точка од дневниот ред „Доделување на финансиски средства како финансиска помош за подршка на сите спортски и културно уметнички друштва на територијата на општина Брвеница,,.

Председателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Абеб Нухии и кажа, кога се работи за спортските клубови ја сум голем подржувач, бидејќи претходните години се знаеше по колку средства им се доделуваја, сега не е тука градоначалникот сакам да предложам сега треба да ја гласаме оваа точка па потоа тој да ја каже сумата. Имајќи во предвид дека имаат трошоци тоа го знае и градоначалникот, треба да ја поминеме точката бидејќи ќе им почнат натпреварите.

Председателот на Советот кажа, ние сумата неможеме да ја кажеме, ние само може да гласаме. Сумата ќе биде во рамките и можност на општината.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Доделување на финансиски средства како финансиска помош за подршка на сите спортски и културно уметнички друштва на територијата на општина Брвеница,, , ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна присутните советници.

По исцрпување на точките на дневниот ред заврши четириесет и трета седница на Советот на општина Брвеница.

**Записничар**
Христина Радичевска

**Претседател на Совет Бујамин Рушити**

**Бр.08-205/2**
**21.02.2025 год.**
**Брвеница**